РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 1409-670/6
23.09.2020

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ | AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ | BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Република Северна Македонија
Меѓународен Универзитет Визион
International VISION University
Примено: 02.10.2020
Орг.един. 03 | Број 1289/2

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 4 седница одржана на 08.07.2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Компјутерско инженерство", од прв циклус (додипломски) академски студии на Факултет за инженерство и архитектура при Меѓународен Универзитет Визион Гостивар**

1. Се акредитира студиската програма за „Компјутерско инженерство", од прв циклус (додипломски) академски студии на Факултет за инженерство и архитектура при Меѓународен Универзитет Визион Гостивар, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2020/2021 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Дипломиран инженер по компјутерско инженерство /во меѓународен промет академски назив Graduated in Computer Engineering.

Научно - истражувачко подрачје: Природно - математички науки, Техничко - технолопки науки.
Научно – истражувачко поле: Информатика, Компјутерска техника и информатика.
Научно – истражувачка област: 11000 информатика, 11001 теорија на системи и контрола, 11002 информациони системи ипланирање, 11003 програмски јазици исистеми,11004 нумеричка анализа, 11005 вештачкаинтелигенција, 11006 сметачки интегрираниметоди и апликации, 11007 алгоритми, 11008оптимизација, 11009 симулација, 11010развивање на софтвер и бази на податоци,
421200 архитектура на сметачки системи, 21201програмски јазици и технологии, 21202информациони системи и мрежи, 21203 бази наподатоци, 21204 обработка на информации,21205 вештачка интелигенција и системи, 21206процесирање на податоци, 21207 организација иметодологија на проектирање на сметачкисистеми (хардверски системи, софтвер). Клиничка психологија, психологија на советување.

4. Вкупниот број на студенти кои можат да бидат запишани на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение изнесува 25 студенти.

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

По предходно донесената одлука бр. 02-01-512/3 од 15.11.2018 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма од прв циклус на студии „Компјутерско инженерство", на Факултет за инженерство и архитектура при Меѓународен Универзитет Визион Гостивар, до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање бр.1409-270/2 од 15.05.2019 година за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 3-та седницата одржана на 01.07.2020 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.1409-270/5 од 31.08.2020 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 6-та седница одржана на 26.08.2020 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Академик Владо Камбовски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ СКОПЈЕ
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË SHKUP